Д-р Цане МОЈАНОСКИ

# ЕЛЕМЕНТИ НА ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Воведувањето на политичкиот плурализам е своевидна вододелница во развојот на Република Македонија. Иако со извесно задоцнување, во почетокот на деведесеттите години, во Република Македонија за краток период (само за неколку месеци) на политичката сцена се јавија голем број нови политички субјекти. Започна процесот на општествена транзиција. Поточно отпочна македонската демократска револуција[1].

Истражувањето на идентитетот на субјектот, а во тие рамки, посебно, на политичките партии е сложен процес. Прво, затоа што идентитетот на групниот субјект, како што е политичката партија подразбира мноштво поединечни елементи што во основа ја изразуваат спецификата, посебноста и заедничките карактеристики на политичката партија и второ, идентитетот на политичката партија е зависен и од реалните односи што се воспоставуваат во општествената заедница. Затоа, во овој труд, нивното појавување се разгледува во контекстот на барањата за демократија, симболички изразена како потреба од брза плурализација на односите во политичката структура и во вршењето на политичката власт во целина. Демократијата е систем! Но, не само систем, таа е и однос, и процес, и начин на комуницирање. Демократијата не е само владеење на народот, таа е креација на демосот. (Демократијата сфатена (1) како инструмент во рацете на народот и (2) самиот народ, како демос (политички народ) – "производ" на демократијата.) Народот дури во демократијата е политички народ (demos). Секој народ во основа ќе е онаков, каков што ќе го направи природата на неговото владеење (Rousseau). Демократијата е и заедница. Меѓу поединецот и државата посредуваат различни групи, друштва и организации, а меѓу организациите најзабележителни се политичките партии. Битна одредница на модерната демократија е изборниот процес и одговорноста на избраните претставници пред своите бирачи, односно јавноста. Тоа, се разбира, не ги исклучува и различните облици на непосредна демократија (иницијатива, референдум, плебисцит).

---

1 Види: д-р С. Милосавлевски: Источна Европа помеѓу демократијата и егалитаризмот; ИП "Људотен"; Скопје 1992 стр. 141–142.

## Политичката партија – субјект на транзицијата

Политичките партии во Република Македонија се конституираа како составен дел на процесот на конституирање на граѓанското општество, изразен низ парадигмата за политичка плурализација на општеството, слободните избори, конституирањето на правната држава, како составен дел на современите процеси за изградба на општество и институции согласно цивилизациските искуства и традиции, односно конституирање и изградба на граѓанското општество.

Периодот на појава на политичките партии се одредува како време на смена на епохите, *време на транзиција*, премин од авторитарно во демократско општество. Тоа е период на скок од командна во пазарна економија, од еднопартиска доминација во парламентарна демократија. Под транзиција се подразбираат длабоките промени што на глобален план се воочуваат во структурата на општествената репродукција, пред сѐ, во редефинирањето на принципите на моќта, втемелена врз синергијата на трите фундаменти: значењето, информациите и енергијата и која е проектирана како финансиска, воена и медиумска. Според тоа, транзицијата имплицира промени, како во структурирањето на односите во социјалниот бизнис и во моделирањето на пожелната културновредносна матрица, така и во креирањето на политиката во целост. Тоа е време на премин од авторитарно во демократско општество. Вистинската природа на транзицијата ја карактеризира еден голем парадокс – рака под рака одат два потполно различни и на прв поглед непомирливи текови: а) од една страна, тоа е време на големи неизвесности; и б) како да владее "железната условеност" со тешкото наследство, со "теророт на објективните околности" (фактори) што го стеснуваат изборот на можните опции[2]. Основен услов за демократска транзиција е политичкиот плурализам. Тој е претпоставка за изразување на политичката волја. Бидејќи без истражување на човечката волја и нејзиното поврзување во организација нема политичка слобода. Имено, искажувањето на политичката волја е можно само во ситуација кога постојат автономни политички поединци, односно граѓани.

---

2 Види: M. Pečujlić; V. Milić, S. Branković i M. Kovačević: Rađanje javnog mnjenja i političkih stranaka; Institut za političke studije; Centar za javno mnenje i marketing "Medium" i Pravni fakultet; Beograd; стр. 7; исто така види и м-р Панде Лазаревски: Основи на моделирањето на политиката; ИСППИ; Скопје; (необјавена *докторска дисертација);* 1993; стр. 42;

Политичката партија е субјект кој, сам по себе, претставува одредена целина, еднаков како и другите субјекти, но во исто време толку различен и специфичен. Притоа не треба да се заборави дека ниедна земја, ниту една култура, форма, па и единка не може да опстане ако нема идентитет, односно ако во разноликоста во која се јавува нема нешто заедничко, "ако во мноштвото на спротивностите нема идеи, вредности и установи што ги усогласуваат и држат во целина".[3] Впрочем, идентитетот на политичката партија ќе го разбираме како комплекс на процеси, меѓудејства на поединците и органите, на идеите и вредностите што се нудат, како систем на односи што се воспоставуваат меѓу поединците взаемно и меѓу нив како целина и заедницата, но и како однос на политичката партија кон јавноста. Комплексноста на тие процеси не ја подразбираме статички, туку динамички.

Поаѓајќи од погоре изнесените стојалишта операционализацијата на идентитетот на политичките партии може да се врши така што ќе се издвојат три сложени целини: 1) *цивилизациското општество,* супституирано низ моделот на општеството; 2) особините и *содржината на политичката култура;* 3) карактерот и *моделот на политичкиот систем* на земјата.

1. Првата група фактори се нарекуваат – "*економско-социјални*". Тие ги опфаќаат:

- Нивото на економски развој и на економска благосостојба*.
- Распределбата на социјалната моќ, изразена како: а) степен на развиеност на основните социјални класи (слоеви); б) степен на самостојност на основните социјални групи, манифестиран како однос кон државата и политичките елити, но пред сѐ како тежнение за замена на постојните политички елити;
- степен на националната и верската поларизација и антагонизам;
- и други фактори сврзани, пред сѐ, со геостратешката положба и, од тој аспект, влијанието на надворешните фактори.

2. Втората група фактори произлегуваат од карактерот и содржината на *политичката култура* (демократска, или авторитарна култура или менталитет). Таа опфаќа:

- минимум вредности во општеството и ниво на консензус на општествените и политичките субјекти за нив.

---

3 Исто, стр. 27;

*) Нивото на економското богатство тесно е поврзано со степенот на технолошкиот развој: прединдустриско, индустриско, постиндустриско општество.

● изграденост и постоење на демократски правила на игра, почитувани како од власта, така и од опозицијата.

Карактерот и содржината на политичката култура во одредена заедница е достигање на одредено цивилизациско искуство. Тоа силно влијае на вистинската содржина и на карактерот на политичките институции. Од него во висок степен, зависи дали демократските институции ќе бидат демократски само според надворешната форма или според реалните политички односи.

3. Несомнено погоре изнесените групи фактори, пред сè, социјалната структура и типот на политичката култура, влијаат на *карактеристиките* и на *содржината на политичкиот систем*[4].

Операционалното дефинирање на поимот **"политичка партија"** нужно претпоставува специфицирање (нијансирање) во однос на феномените политичко, политика и сл. Зошто токму политичко, а не некој друг? Имено, се чини оправдано на почетокот да укажеме дека политичкото е дел на општественото, нужно експонирано, со низа карактеристики, видливо манифестирање на ангажираноста на општествените субјекти во одредена средина. Таквиот процес, објективно е и рамка што настојува да се одреди како општ репрезент на вкупните односи, посебно во општествената средина како целина. Исклучиво политички феномени нема. Во секое општество нема еднодимензионални појави, како по значењето, така и според структурата. Основни носители и двигатели во секој општествен феномен се поединците, луѓето. Тие се детерминанта на секоја општествена појава. Имено, секоја општествена појава е полидимензионална. Начинот на истражување зависи од општиот теоретско – методолошки пристап и од сложеноста и од слоевитоста на истражуваниот феномен.

Политиката е поим што глобално, може да се сведе на правила утврдени во општествената заедница, со чија помош одреден субјект, остварува, влијае и врши операционализација на сопствениот програмски проект. Оживотворувањето на таквиот проект е свесна и организирана дејност на владејачката структура со цел да се обезбеди правен ред и поредок во заедницата.

Политиката несомнено е (а) траен процес и (б) рационална активност, (в) за остварување на целите користи одредени средства, (г) воспоставува организација според потребите и нивото на општествениот развој и (д) користи специфични методи на дејствување[5].

---

4 Исто стр. 17–18;

5 Види пошироко: Slavomir Milosavljević: Istraživanje političkih pojava, Institut za političke studije FPN, Beograd, 1980, стр. 38.

Под "политика" подразбираме релативно самостојна сфера на човековата дејност, комплекс на организирани, општествено дефинирани и утврдени правила и норми во општествената заедница со кои се воспоставуваат и регулираат односите меѓу луѓето, а со цел, да задоволат одредени свои потреби и интереси.

Зборувајќи воопштено, под политичко се подразбира, пред сé, димензија на социјалната активност, во која социјалната единка го осигурува својот специфичен идентитет како единка. Идентитетот секогаш се потпира на разграничувања. "Сопственото" имплицира "друго" и секогаш тоа различно е единствено, посебно, заедничко. Според тоа, "политичкото", е усогласен систем на цели и средства; дефиниран комплекс на програмски определби, правец и облик на политичката борба; специфичен општествен однос што го одразува тоталитетот на општествените односи (економски, социјални, културни и други) и сл. Политичките партии се елемент во содржината на политичките процеси. Токму низ политичкиот процес, низ изразувањето на политичкото, всушност, се изразуваат и димензиите на идентитетот на политичките партии.

Политичката партија се одредува како релативно трајна доброволна организација на претставници од одредени социјални групи создадена за остварување на општи цели и интереси дефинирани во политичка програма, со воспоставени односи и организиран политички живот дефинирани во статутот, но пред сé, со цел да се учествува на изборите и со нивна помош да се освои или да се влијае во вршењето на државната власт.

### *Основите на политичкиот идентитет*

Во определувањето на поимот "идентитет" поаѓаме од тоа дека тој потекнува од латинскиот identitatis (idem=исти) што во превод знажи истоветност, потполна еднаквост,однос според кој нешто, (на пример битието, или стварноста) во различни случаи, или од различити видови е еднакво на самото себе, односно исто. Во логичка смисла идентитетот е единственост на значењето на мислите, наспроти мноштвеноста на мисловните искуствени процеси што се однесуваат на ист предмет. Со него се изразува релативната самостојност на предметите и нивните квалитети. Науката укажува дека предметите во текот на извесно време стануваат такви какви што се, при тоа има такви односи чија постојаност трае долго (такви се обично научните закони)[6]. Според тоа, може да се заклучи дека за идентични се сметаат оние поими кои имаат иста содржина и обем. Вообичаено се констатира дека "тоа му одговара на тоа".

6 Д-р М. Марковиќ: Логика, Просветно дело, Скопје, 1973, стр. 144.

Поимот "идентитет" се сфаќа и како "збир на особини што ја карактеризираат одредена личност, или еден предмет"[7]. При тоа се користи поимот "идентификација". Посебно треба да се напомене дека определувањето на поимот "идентификација" е сложена и макотрпна постапка. Во контекстот на операционалното дефинирање на поимот "идентификација" во најширока смисла на зборот се подразбира процес на стекнување на сопствениот идентитет, изнаоѓање одговор на прашањата "кој сум јас?", "од каде сум?", "каде одам?", "кому припаѓам"? и сл. Впрочем, одговорот на поставените прашања го претпоставува развивањето на сопствен поглед на светот, наоѓање одговор за карактерот на природата и општеството, како и за самиот себе. Во таа смисла идентификацијата е битен елемент како за созревање на поединецот[8], така и на општествените групи, па и на општеството во целина[9]. Поимот "идентификација" е дефиниран и како процес на сопствено обликување, наспроти другите поединци или групи. Со помош на идентификацијата на поединецот му поаѓа од рака да го усвои својството на друга личност и да манифестира слично однесување[10]. Од социолошки аспект гледано, идентификацијата, всушност, значи одредена поврзаност на индивидуата со одредена општествена група[11]. Таа, всушност, е израз на нејзиниот индивидуален однос кон неа. Идентификацијата како поширок поим од идентитетот ја изразува динамичката страна на процесот. Идентитетот, во суштина, претпоставува одреден комплекс на прашања и стојалишта кои непосредно ја одредуваат структурата, односите, врските и влијанијата на субјектите кои учествуваат во општествената структура и акција. Во социологијата, под идентификација се подразбира поистоветувањето на поединецот со одделни општествени групи на кои им припаѓа, или се стреми да им припаѓа, прифаќајќи ги вредностите, погледот на светот и моделот на однесувањето на својствените групи. Така, поединецот во текот на социјализацијата се идентификува со семејството, локалната заедница, а подоцна и со пошироки групи и движења[12].

---

7 LJ. Mićunović: Savremeni rečnik stranih reči; Književna zajednica N. Sada i Univerzitetska riječ Titograda 1988, стр. 85.

8 Во врска со поимот на идентификацијата може да се прочита дека овој термин е позајмен од психологијата. Него го вовел С. Фројд во 1899. Тој сметал дека идентификацијата не е просто имитирање, туку асимилација врз основа на слични етиолошки барања. Dr Aleksandar Todorović: Razvoj radničke svesti u socijalističkom društvu, Sociološki institut, Beograd, 1967; стр. 157;

9 Sociološki leksikon, Savremena administracija, Beograd 1982, стр. 379.

10 David Kerčvild, S. Krač, Igerton, L. Balaki: Pojedinac u društvu. Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Srbije, Beograd, 1972, стр. 138.

11 Dr. A. Tododrović; Razvoj... цит. дело стр. 157.

12 Види пошироко: Sociološki... цит. дело стр. 220.

Политичкиот идентитет е вкупност на општите интереси. Тој се одредува со конститутивните принципи и со организацијата на системот. Значи, негова основа се темелните односи кои влијаат на сите облици на поредокот. И да потсетиме, функционирањето и тенденциите на развојот на секој систем го чинат конститутивните принципи[13]. Според тоа, политичкиот идентитет не може да се тематизира само од стојалиштето на државата, и пошироко на институициите, туку и од реалниот општествен живот. Тој е условен од вкупноста на односите и врските што ги воспоставуваат субјектите во општествените процеси, што е и една од основните карактеристики на општествениот живот. Во него државата е само едно "продолжение на војната со други средства", а општествениот живот секогаш егзистира внатре во еден историски сплет на, помалку или повеќе, институционализирани правила (човечки права, правна држава, опозиција, и сл.). Во овој контекст, под политичко се подразбира, пред сé, општо, онаа димензија на социјалното дејствување со која некоја социјална единка си осигурува за себе свој специфичен идентитет. Со него таа е способна да дејствува во сите конфликтни ситуации.

Формирањето, или поточно вообликувањето на идентитетот на единката, почива на разграничувањето со останатите социјални единки. Со тоа е обележано мноштвото линии дефинирани како облик на комуникација меѓу социјалните единки. Формирањето на идентитетот на социјалната единка, во најширока смисла, може да значи "образување на партија". Таквиот идентитет е карактеристичен по "сплетот на оние институционализации во кои борбата и соработката секогаш егзистираат"[14] како два пола на ист процес. Идентитетот се формира како обединување на единките во одредени социјални групи или слоеви[15]. Тој значи и настанување на одредена групна кохезија, групен идентитет, па и групни интереси. Сржта на дејствувањето на групите е човекот[16]. Со него почнува и завршува секоја свесна акција, секоја група. Тие не се потпираат само на идентификацијата на поединецот со дадената група (заедница), туку и на неговото свесно усвојување на групните норми,

---

13 Antoni, Z. Kominski: Sposobnost reformisana i potencijali razvoja političko-ekonomskih sistema, Sociologija, 1-2/91, стр. 29.

14 Thomas Sheffler: Konflikt, identitet i partije: odnos granica i politike, Marksizam u svetu, бр. 1/1985, стр. 127-128.

15 Angus Campbell; Philip E. Converse, Warren, E. Miller; Donald, E. Stakes: The American voter, an adbrigent, John Wiley & Sons inc. New York, London, Sydney, 1967, стр. 72.

16 Исто, стр. 88.

на целите и принципите на групата. Во проучувањето на системот на групата, утврдено е дека постојат посебни улоги непосредно врзани со изразувањето на групниот идентитет[17]. Тој ја специфицира дејноста внатре во споменатата група на функции, што нужно водат кон воспоставување одредени односи[18]. Овде треба да напоменеме дека, кога се институционализираат односите во општествената група секогаш станува збор за интереси, па дури и тогаш кога групите застапуваат одредени групни интереси[19]. Бидејќи наведените улоги ги вршат одделни членови на групата, би можело да се тврди дека т.н. "групни" интереси, се сепак само специфична форма на индивидуалните интереси и дека "вон однесувањето на луѓето како поединци не е можно да се истражуваат интересите"[20]. И навистина, интересите зад кои не би стоеле луѓето како поединци, не би можеле да се сметаат за реални интереси. Истовремено, "индивидуалните интереси не се единствените детерминанти на индивидуалното однесување на луѓето"[21]. Оттаму политичкиот идентитет на политичките партии може да се сфати како интеракција, потоа, како сличности и разлики во артикулирањето и во операционализацијата на интересите, кои таа ги дефинира како сопствени, нивна корелација со општествените, и од тој аспект, посебно, кои методи и средства ги употребува за остварување на прокламираните цели и интереси. Всушност, политичкиот идентитет е комплекс на процеси што меѓу себе се испреплетуваат и дополнуваат, кои по начинот на манифестирање се специфични со нагласена индивидуалност, но во исто време се и комплексни и кооперативни со акциите и интересните детерминанти на другите политички субјекти. Комплексноста, меѓузависноста и меѓусебната кооперативност, синтетички го определуваат политичкиот идентитет на политичките партии во Македонија. Тој, секако, е непосредно поврзан со обезбедувањето на "карактерот" на политичката партија, изразен низ целината на политичките цели и програмската ориентација. Но тој, секако, е поврзан и со обезбедувањето на легитимитетот на политичката партија, стекнат преку верификацијата на нејзината

---

17 Исто, стр. 94.

18 Гревтсов, И.: Обсуждение проблемы социологии политики, Вестник Ленинградского Университета: 1990, 3(6), стр. 117–118.

19 Podunavac, Milan: O snazi konzervativnog naboja sociologizovanja politike, Sociološki pregled; бр. 3-4/1985, стр. 91–99.

20 Antoni Kominski: Sposobnost reformisanja i potencijali razvoja političko-ekonomskih sistema, primer kapitalizma, Marksizam u svetu, бр. 1-2/1991 стр. 28–29.

21 S. Bolčić: Interesi i delovanje SKJ, Komunist, Beograd, 1986 стр. 23.

програмска ориентација, со нивото на подршката во изборното тело. Затоа, се чини, дека способноста на политичката партија да развива комуникација со мноштвото субјекти, да изнаоѓа допирни содржини со нив, да стапува во облици на соработка, сојузи и коалиции[22], е дополнителна содржина на идентитетот, посебно на политичкиот идентитет на политичките партии во Македонија. Политичкиот идентитет на политичката партија е индикатор за нивото и карактерот на општествените процеси што таа ги поддржува и непосредно ги генерира. Таквите процеси се изразуваат во стратегиите за развојот на Македонија.

Политичкиот идентитет на политичката партија го чинат мноштво чинители и односи што се воспоставуваат меѓу неа и општествената стварност. Тој е својевидна карактеристика на општиот општествен процес. Но, тој е и специфичен комплекс на односи и процеси на иницирање, презентирање на целите и содржините за кои се застапува политичката партија, но нужно и на методите и на средствата што ги користи во нивното остварување.

Интересниот идентитет подразбира комплекс на артикулирани потреби на релативно стабилна содржина и суштина, а се изведува од структурираноста и динамичноста на потребите,- како и од различноста на индивидуалните и групните, односно колективните интерпретации на потребите. Интересот, накратко речено, е она што е заедничко за поголем број разновидни и различни потреби на една индивидуа, или колективитет, во општеството. Интересот може да биде спонтан или организиран, вистински или потенцијален, артикулиран или неартикулиран, лажен или вистински. Политичкиот интерес е вид интерес што секогаш се однесува на активностите на координација и насочување, и воопшто, на управувањето со другите интереси. Политичките интереси се сегмент на политичките појави и се јавуваат како политички цели, како потреби од организирано и легално остварување на одредени програмски ориентации - кои во основа ги изразуваат потребите на социјалните групи и слоеви. Во политичката сфера тие се јавуваат со ореолот на идеолошката обвивка и се презентираат како потреба од одреден конкретен, или општ интерес. Во јавноста тие се пласираат како потреби што "единствено можат да ги остварат субјектите кои се јавуваат како посредници - во конкретниов случај

22 Види: Д. Мирчев: Изборниот процес во англосаксонските земји; Институт за социолошки и плитичкоправни истражувања, Скопје 1972, стр. 99-100.

како политички партии. Интересниот идентитет, нужно е претпоставка и битна содржина на политичкиот. И воопшто, политичката борба и водењето на политичкиот живот во одредена заедница нема реална содржина, доколку од неа се издвојат, или се апстрахираат интересите и интересната структура. Затоа, истражувањето на политичкиот идентитет, не е можно, или подобро не е целосно и суштински детерминирано доколку не се вклучи во него и истражувањето на интересниот идентитет. Меѓутоа, интересниот идентитет на определена група или организација е поширок, поразновиден и според низа елементи различен од политичкиот идентитет.

Политичкиот идентитет во основа е синтеза на взаемноста на програмските, организационите, акционите, практичните и идејните позиции на политичките партии, изразени во комуникацијата и апликацијата во политичкиот систем, а особено во обезбедувањето на поддршка и учество на граѓаните во нивната реализација. Тој е процес на воспоставување на поддршка и учество на граѓаните во нивната реализација. Тој е процес на воспоставување на програмски основи, кои како diferentia specifica ќе ја одвојуваат (а во исто време и програмски ќе ја ситуираат во одредена групација), ќе ја специфицираат и ќе ја приближуваат политичката партија, во корпус на политичките партии. Несомнено дека политичкиот и интересниот идентитет на политичката партија е изразен и кон системот на вредности, што таа го изградува за себе, и кон општествените вредности во целина. Во суштина, се работи за процес на програмско и организационо дефинирање и диференцирање на политичката партија, во себе и спрема другите субјекти во општествената заедница.

Политичкиот идентитет на политичките партии, значи и соодветна програмска, организациона и акциона еднаквост и сличност или разлики меѓу партиите. Сличноста не ја претпоставува и изразува програмската, организационата или акционата симетричност, туку таа претпоставува комплекс на процеси, чинители, односи и врски што настануваат меѓу субјектите на политичката волја, во овој случај меѓу политичките партии во артикулирањето и операционализацијата на политичката волја, од една страна, и во манифестирањето и експликацијата на политичката моќ, од друга страна. Централно е прашањето колку политичката партија ги обезбедува појдовните програмски позиции во операционализацијата на партиската политика и колку е способна да воспостави демократски процеси во општеството и во сопствените

редови. Во тие рамки односно на политичката партија кон јавноста и подготвеноста јавно да ги остварува своите позиции, битно го детерминираат идентитетот на политичката партија.

Политичката идентификација во себе ја обединува објективната и субјективната страна на политичкиот процес. Во него, политичките партии се spiritus movens. Тие не можат и не треба да се сведуваат само на организации што ќе го мобилизираат избирачкото тело, туку тие се силен политички фактор во мобилизирањето на јавното мислење и во оспособувањето на граѓаните за вршењето на политичките и општествените функции, односно фактор кои ги поттикнува, димензионира, а во одредени случаи и го детерминира политичкиот живот и политичката мобилизација на граѓаните.

Кои елементи го чинат идентитетот на политичката партија? Тие се назначени погоре. Како релевантни за нашето истражување ќе ги назначиме следните: а) социјалната втемеленост на политичката партија, б) организационата структура и односите кои се воспоставуваат во неа и в) програмската содржина, политичкиот и идеолошкиот профил на политичката партија.

Идентитетот на политичката партија јасно се изразува низ дејствувањето на политичките партии. Но, тој може да се изрази доколку таа дејствува во систем со плуралистички идентитет.

### *Однос партија-власт*

Основно кредо на политичките партии е, самостојно или во коалиција, да ја освојат или задржат власта, или да вршат влијание врз неа. Тоа значи дека непосреден интерес на политичката партија, посебно на нејзината елита е освојувањето на власта. Токму затоа научно оправдано и општествено актуелно е да се расправа за тие релации. Можеме да констатираме дека политичките парии како субјекти се дефинираат токму во односите што се воспоставуваат во општеството и посебно, во користењето на власта. Впрочем, колку одредена политичка елита, национална или социјална група е склона да се користи во реализацијата на власта со политичка присила, или со други облици на политичка моќ, толку повеќе ќе се исцртува и идентитетот, профилот на политичката опција. Впрочем, отсекогаш зад свечените изјави, долгите говори и одите за демократијата политичките елити посегале кон грубите облици на моќта. Политичката борба и политичкиот натпревар немаат смисла доколку не резултираат со резултат кој на носителите на одредена политичка опција ќе им обезбеди користење на плодовите од таа борба.

Идентитетот на политичките партии, посебно политичкиот идентитет се гради во односот кон извршувањето на власта и начинот на нејзиното вршење. Впрочем, тој е синтетички израз, специфика во употребата на механизмите и содржините на моќта. Во зависност од тоа колку политичката партија ќе има изграден и јасно дефиниран однос и иста таква процедура во утврдување на решенија за низа значајни прашања во општеството, а и во сопствените редови, колку ќе го почитува поединецот и неговата слобода, толку може да се зборува за демократски систем, а во тој контекст и за организации со демократски предзнак.

На таквата позиција особено влијание имаат и односите во заедницата во целина.Политичките партии,при тоа се изразуваат како моќно средство што посредува меѓу сферата на цивилитетот и политичката држава.Во тој однос тие остваруваат бројни функции.

Политичките партии,несомнено се фактор,непосредно поврзан со целината на политичкиот живот. Мноштвото функции што ги остваруваат во општеството им обезбедуваат постојано да се под "будното око" на јавноста. Отвореноста кон неа е индикатор за демократскиот процес во целина и за неговата содржина. Животот на "отворена сцена"е простор преку кој се манифестира индивидуалитетот на политичката партија. Низ него се манифестира и зацврстува индентитетот на политичката партија.

Одговорот на ова прашање може поцелосно да се извлече од анализата на програмските содржини на политичките партии. Но, *одредени прашања нужно* во основа ги условуваат содржините на програмските определби на политички партии. Тие прашања ги одредуваме како основните линии на судирот кои егзистираат во македонското општество.

Кога се имаат предвид диференцијациите кои настануваат како резултат на различната социјална положба, развиеноста на економските односи, посебно општествено-економската нерамнотежа меѓу одредени региони во Македонија, разликите село-град, град-град и посебно, Скопје-град во внатрешноста, се отвараат бројни линии на судир кој во интересната позиција може да ги раздвојува, специфицира и поврзува политичките партии во Македонија.

Но, одреен број на прашања, или линии на диференцијација се издвојуваат. Основите на интересниот идентитет на политичките партии можат да се назначат како:

1. *етничко-племенската димензија* – изразен комплекс на барања за националниот идентитет;

2. *културно-јазичката димензија* како мноштво концепции за изградба на општество со обележја на национална или национални култури односно мултикултурно општество до концепција на мултиетничко општество;

3. *религиско-културното наследство.* Објективно, тие би биле и критериумите врз кои да се врши класификација и групирање на политичките субјекти.

### *Политички идентитет на политичките партии во Македонија*

Од анализата на програмската содржина и одредувањето на програмскиот идентитет на политичките партии во Македонија би можеле да констатираме дека во политичка смисла, доколку се појде од политичкото битие на политичката партија, тие во Македонија можат да се класификуваат како: 1. *етнички* или национални партии, 2. *граѓанско-либерални,* 3. *социјалистички и социјал-демократски* и 4. *останати партии.*

Во групата на ***етничките партии*** како основа за класификување се земени политичките стратегии свртени кон одреден национален ентитет. Тие можат да се групираат како **а) партии на македонскиот народ** и б) **партии на националностите.** Заедничка карактеристика на партиите што се залагаат за позициите на националната група односно припадноста на одредена национална основа е легитимизациона основа за секој граѓанин, но, објективно во политичката филозофија претставуваат затворени системи.

### *Идеолошки идентитет на политичките партии*

Во одредувањето на идеолошкиот идентитет на политичките партии се поаѓа од стојалишта сврзани со прашањата на идеологијата. Идеолошкиот спектар на политичките партии се движи од крајна (екстремна, ултра) левица до исто таква десница со многу меѓумодалитети. Но како се одредува овој спектар? Постојат бројни студии во врска со тоа. Ќе укажеме на некои елементи. Ако предмет на оценка е односот на две базични вредности – слободата и еднаквоста, тогаш во основа се можни, четири базични идеологии[23].

---

23 Jan Makarović: Dali su vrednosti naše omladine zaista socijalističke? Vidi: Omladina i društvene krizi, Centar za marksizam Univerziteta u Beogradu, Beograd, 1983 стр. 226.

| СЛОБОДА | ЕДНАКВОСТ | ИДЕОЛОШКИ МОДЕЛИ |
|---|---|---|
| позитивно | позитивно | неолиберализам социјалдемократија |
| позитивно | негативно | неоконзервативизам |
| негативно | позитивно | комунизам |
| негативно | негативно | фашизам |

Од тоа каков е односот кон овие вредности се подразбираат релациите, лево, центар, десно и изведени од тоа.Под политички *лево* во основа се подразбира политичка концепција која има активна и нагласена улога на државата, во обезбедувањето на слободата и еднаквоста на граѓаните. Таа, најконсеквентно е изразена низ концептите на: "држава на благостојба" или "социјална држава", "социјална демократија". Под политички *центар* се подразбира либерален политички концепт со нагласена свртеност кон индивидуализмот, а функцијата на државата се сведува на обезбедување на еднакви шанси во остварувањето на нивните можности и интереси. Според овој концепт државата е сведена на "ноќен чувар", односно додека не се обезбедат услови за автономно одвивање на автономниот општествен процес[24]. Овој концепт има позитивен однос кон слободата и еднаквоста. Политички *десно* значи концепт со изразено позитивен однос кон категоријата слобода, а еднаквоста се сведува на еднакви шанси и на практиката "секој да ја *лови сопствената среќа*". Државата има маргинална улога. Таа се сведува на чувар на поредокот. Носителите се потпираат врз традиционализмот, посебно на традиционалните вредности и институции. Овој концепт се идентификува со конзервативизам. Покрај овие основни модели на идеолошкиот спектар постојат и меѓумодели како што се *ултра левица* или *ултра десница* и слични комбинации.

Поделбата на левица и десница во политичкиот живот не е од понов датум. И во граѓанските револуции, особено Француската граѓанска револуција од 1789 година, пратениците кои ги претставувале сиромашните слоеви и обесправените седеле лево од претседавачот на седницата, додека претставниците на повластените групи седеле десно. Поимот левица секогаш е врзуван за прогресивната насоченост на општествениот живот.

24 Види пошироко текстовите во Трета програма на македонското радио, бр. 45-46, посебно на: Фридрих Хаек: Либерализам, стр. 149-164, и Албрехт Велмер: Моделите на слободата во модерниот свет 109-137.

Американските истражувачи Хамел и Ценда меѓу факторите за спротивставување на политичките партии на прво место ги ставаат социјално-економските разлики. Посебно се занимаваат со социоекономската димензија на идеологијата. Така според нив партиите на левицата, за разлика од десницата, имаат различен однос кон следните прашања: (1) обемот на јавната сопственост во производството во однос на приватната; (2) според залагањето за силна улога на владата во економското планирање; (3) давање на поддршка на редистрибуција на богатството од богатите кон сиромашните; (4) проширување на владините програми од доменот на социјалната држава[25]. Истражувањата на бројни истражувачи покажуваат дека владите на левицата, за разлика од владите на десницата, редовно обезбедуваат: повисока стапка на порастот во јавниот сектор на економијата; поголем национален буџет; повисоко воедначување на заработувачките и повисоко ниво на образование и здравствена заштита што условува и редовно зголемување на издатоците.

Квалификациите "лево" или "десно" ориентирана политичка партија не се постојани. Тие се подложни на промени. Промените настануваат во оној момент кога одредна политичка партија се дерадикализира и ги напушта сопствените изворни принципи. Тогаш кога таа се повеќе е склона кон насилство и нееднаквост, на пример, од лево ориентирана организација преминува во десно ориентирана. Поимите левица и десница се несомнено политички категории. Тие не се врзуваат за одредни социјални групи, ниту тие можат да се изедначуваат со политички партии. Тие се глобални политички одлики на политичките партии. Но, како што никаде нема чист модел, така и кај политичките партии нема чист модел на политичка ориентација. Идеолошката ориентација на политичката партија е условена од општествено-економските и други услови во кои партијата дејствува. Имено, како што ќе забележи и Л. Басо (L. Basso) дека во историскиот развој се случувало одредени сили на почетокот на своето јавување да се јават како лево ориентирани и да се борат против стариот режим, за подоцна истите да станат упорни бранители на истиот. Таков е случајот со либералите на почетокот на векот[26].

Ако се примени понудениот модел на политичките партии во Македонија, тогаш може да се констатира дека тешко може да се дефинира чист модел. Партиите во Македонија, во основа, се

25 P. Harmel and K. Jenda: Compariring political Parties, Wachington DC. American Political Science Association, 1976, стр. 33–35.

26 L. Basso: Izgledi evropske levice, Komunist, Beograd, 1971, стр. 151.

лево ориентирани, толку колку што му припаѓаат на центарот или на десницата во класична смисла. Основен белег е тоа што сите сакаат да ја напуштат комунистичката парадигма. Треба да укажеме дека, според критериумите на западно-европската традиција не е вообичаено левицата, како политичка сила, да се залага за приватизација, за ограничување на социјалните издвојувања на државата и сл. ниту пак е вообичаено десницата да се залага за социјална држава, односно држава на благосостојба. Во исто време, од понудената евиденција во трудот, може да се согледа дека кај политичките партии во Македонија се присутни сите начела на либералната демократија во поглед на преструктуирањето на политичката и економската структура на општеството. Имено, речиси сите се застапуваат за вредносната матрица карактеристична за лево ориентираните политички партии. Кај нас не може да стане збор за класичен судир меѓу десницата и левицата затоа што Македонија има недоволно развиена социјална структура. Социјалните диференцијации во неа се во процес на настанување. Објективно земено, тоа е и клучниот индикатор за идеолошкиот спектар. Но, ако се погледнат одредени поспецифични политички определби, посебно врзувањето на одредени концепти за односот на политичката структура, тогаш со право може да се изгради модел на идеолошката слика во Македонија. Во него предмет на диференцијација не е судирот меѓу трудот и капиталот, како во западно-европските земји, туку конфликтите што настануваат врз основа на етничките, верските или други линии, кои демократските начела ги вкалапуваат во некои сопствени специфични "национални феуди". Кај линиите на раздвојување се јавуваат во однос на силите на модернизација и традиционализмот. Имено, првите ги прифаќаат западно-европските стандарди на трансформација на политичкиот режим, а вторите се стремат кон "феудализација на заедницата", односно затворање во рамките на сопствените национални идентитети.

Ако ги прифатиме стојалиштата на Џ. Сартори за тоа како настануваат линиите на диференцијацијата, посебно по идеолошките континиуми левица-десница, и кога се има предвид дека главниот расцеп е класниот судир, потоа односот меѓу етничкото и интегративното, секуларното и верското и демократското и автократското, тогаш би можеле да го презентираат и соодветни модели на диференцијации. Идеолошкиот спектар се формира според глобалните рамки на политичката стратегија. Сепак, кога станува збор за политичките партии во Македонија, тие се со нејасен и неконзистентно изграден профил. Тие се во процес на само-

дефинирање и самоизнаоѓање. Врз профилирањето на одредени политички партии влијаат и одредени состојби на присуство на повеќе политички групации кон одреден спектар. Тоа, објективно, го смалува просторот за политички маневри.

Несомнено е дека и политичкиот спектар во Македонија се повеќе ги добива своите рамки. Имено, најглобално гледано политичките партии во Македонија, се групираат во политичкиот центар со одредени осцилации на лево и десно од него. Забележливо е присуството на левицата и десницата и во таа смисла за изразито десни политички групации. Според, содржината политичките партии, а особено низ методот на дејствувањето на политичкиот простор во Македонија, место наоѓаат и политички опции кои се групираат лево односно десно од левицата, односно десницата. Досегашниот развој покажува дека екстремно левите, односно десните политички групации немаат реална политичка поддршка на македонската плуралистичка сцена.

*

* *

Изнесената содржина укажува дека кај политичките партии во Македонија се забележливи и процеси на програмско, интересно и идеолошко дефинирање на индивидуалитетот на политичките партии. Тие, сепак, во целина покажуваат висок степен на заемност, симетричност и истоветност. Таквите состојби се индикатор кој *упатува на заклучокот дека процесите на социјалното структуирање* во Македонија не наоѓаат поцелосно импрегнирање во политичките концепции на политичките партии. Тоа е, пред сé, последица на недоволно развиената структура на граѓанското општество, но е и последица на недоволното искуство и практиката на пазарната економија и граѓанската демократија.

Но, за тоа колку одредена политичка проекција како таква е приемчива и интересна за граѓанството, особено значајно влијание има изборниот процес и определувањето на политичките партии за одредени политички субјекти. Токму затоа, се чини дека за целината на идентитетот на политичките партии особено истакнато место има анализирањето на изборната функција како најевидентен облик за утврдувањето на идентитетот на политичките партии.

И најповршната анализа на изнесените ставови укажуваат дека расправата за демократијата е невозможна без расправа за плурализмот. Впрочем, и во битието на човекот е тој да се разликува и да е различен од другите. Униформноста е спротивна на слобо-

дата. Оттаму, се чини, и повикот за политичка плурализација се прифаќа толку брзо и лесно, односно лесно останува иницијатива на бројни индивидуи и асоцијации. Политичкиот плурализам, несомнено, е токму оној концепт што успешно ги интегрира интересите и ги мобилизира единките за политичка акција.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија, се обезбедени нормативни предуслови за функционирање на плуралистичкиот концепт на демократијата. Во Македонија се конституира уставен поредок кој за темелни вредности ги има основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право; слободното изразување на националната припадност; владеењето на правото; поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска; политички плурализам и слободни, непосредни и демократски избори; правна заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемаштвото; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и сл[27]. И,ако се додаде дека во Република Македонија е слободно сé што со Уставот и законите не е забрането[28], тогаш можеме да констатираме дека во Република Македонија се создадени нормативни и општествени претпоставки за развој на политичкиот плурализам, како парадигма и елемент на граѓанското општество. Во него се повеќе ќе се дефинираат основите на дефинирањето на социјалниот и политички идентитет на политичките партии во Македонија.

---

27 Види: Устав на Република Македонија, член 7, Службен весник на Република Македонија, бр. 52/91.

28 Исто... член 7.

**D-r Cane Mojanoski**

## ELEMENTS OF POLITICAL IDENTITY OF THE POLITICAL PARTIES IN MACEDONIA

*The works deal with the basic of political identity of the political parties. It is determined by the constitutive principles and by the organization of the system. It can't be terminated only by the position of the state, and wider of the institions, but also by the social life. It is coonditioned by the subjects in the sociaal processes, with is one of the main characteristic of social life. In it the state is just another "continiation of war by other means" whereas the social lfe always exists inside one historical connedition of more or less institutionalired rules (human rights, legal state, oposition, etc.).*